# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ МОЖАТ ДА ВРШАТ НАПЛАТА И ПЛАЌАЊЕ ВО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ ВО ТРАНСАКЦИИТЕ СО НЕРЕЗИДЕНТИ

**1. ПРАШАЊЕ**

Предлагаме да се предвиди/прошири одредбата за наплата во ефективни странски пари за извоз на услуги.

***ОДГОВОР***

*Поради можноста од злоупотреба за стекнување и располагање со странски ефективни пари, во новата одлука се укинува можноста за уплата на странски ефективни пари стекнати по основ на извоз на услуги.*

**2. ПРАШАЊЕ**

Во точка 8.1 како потребна документација за исплата на ефективни странски пари за службени патувања во странство е наведено само барање (налог) за плаќање во странство. Дали под барање (налог) се подразбира само постојниот налог 1450 (уредно пополнет) или и патен налог или Одлука за службено патување во странство?

***ОДГОВОР***

*Како потребен документ за исплата на ефективни странски пари за потребите на службени патувања во странство се доставува само налог за плаќање во странство којшто ги содржи пропишаните задолжителни податоци и е потпишан од овластено лице за располагање со средства на сметката на резидентот.*

**3. ПРАШАЊЕ**

Во врска со точка 5 став 1, дали има ограничување на износот кој резидентите би го подигнувале за потребите на службено патување во странство, или износот за подигање на ефектива ќе зависи исклучиво од Одлуката донесена на ниво на правното лице за висината на потребните средства?

***ОДГОВОР***

*Со оваа одлука нема пропишано ограничување на износот во ефективни странски пари кој резидентите би го подигнувале за потребите за службено патување во странство. Меѓутоа, напоменуваме дека во Одлуката за условите и висината на износот ефективни странски пари и чекови кои може да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 128/14) е пропишан износот на ефективни странски пари и чекови што резидентите можат слободно да го изнесуваат од Република Македонија.*

**4. ПРАШАЊЕ**

Поврзано со точката 6, дали резидентите кои вршат услуги во меѓународниот стоков и патнички промет можат непречено да користат средства во ефектива за

службени патувања (точката 5), или тие средства мора да бидат претходно вклучени во месечната пресметка (точката 6)?
Клиентите на банките кои вршат услуги во меѓународниот стоков и патнички промет реагираат на фактот што мора висината на ефективните средства да ја определуваат во согласност со трошењата од минатата година, бидејќи често се случуваат потреби за поместувања од месец во месец, а тие не се во можност да користат неискористерни средства од минатиот месец.

***ОДГОВОР***
*Резидентите кои вршат услуги во меѓународниот стоков и патнички промет заради специфичноста на нивната дејност (патување во странство кога за банките се неработни денови), можат, согласно со точката 6 од Одлуката, од своите девизни сметки да подигнуваат ефективни странски пари за задоволување на месечните потреби од службени патувања, експлоатациски трошоци и слично. Доколку овие резиденти еднаш во месецот подигнале ефектива во висина на пресметката, а имаат дополнителна потреба од ефективни странски пари, согласно со точката 9 став 1 алинеја 2, се должни дополнително за тој месец на банката да и доставаат соодветно образложение за потребата од зголемен износ за исплата на ефективни странски пари. Ваквите резиденти, независно од месечната пресметка, можат и поединечно со приложување на налог за плаќање во странство да подигаат ефективни странски пари за потребите од службени патувања во странство (точка 5).*